**ИЗВЕШТАЈ**

од самоевалуација на ООУ„Крсте мисирков“ период 2022-2024 година

Врз основа на Законот за основното образование („Службен весник на РСМ“ 161/19 од 2019 година) Општинското основно училиште ООУ„Крсте Мисирков“, Куманово изврши самоевалуација на работата на училиштето за период од 2022-2024 година.

За таа цел, на предлог на директорот на училиштето, Училишниот одбор на својата седница (02-176/1) одржана на 3.6.2024 година формираше комисија за спроведување на самоевалуацијатаво следниот состав:

Александра Стаменовска-директор

Викторија Стојмановски-психолог

Фросина Младеновиќ-наставни ментор

Бранкица Георгиевска-одделнски наставник

Југослав Спасиќ-предметен наставник

Игор Славковски-родител

Самоевалуацијата беше спроведена во периодот април-јуни 2024 за период од 2022-2024 година. За нејзино успешноспроведување, Комисијата обезбеди активно учество на целиот воспитно-образовен кадар во процесот, со тоа што беа формирани 4 тима за 4 клучни подрачја во чии рамки се вршеше самоевалуацијата, односно:

| Подрачје | Членови на тимот |
|---|---|
| 1. Планирање, настава и учење | Биљана Тасевска Станковиќ<br>Мерилин Стојановска ,Валентина Келешова, Анета Серафимовиќ Стојковска ,Анета Станковиќ Јанковска,, Викторија Стојмановски Габриела Тодоровиќ ,Бранкица Георгиевска |
| 2. Постигања на учениците | Владимир Јовановиќ<br>Сандра Анѓеловска ,Ангела Златковска |
| 3. Училишна клима и односи во училиштето | Хилда Димитриевска<br>Ивана Димковска Трајковска ,,Маја Пандуревиќ Нина Трајковска, Сузана Велковска ,Сања Јовановска ,Доне Младеновски |
| 4. Управување и раководење | Симона Јакомовска<br>Христина Станковска, Југослав Спасиќ,, Филип Колевски Жаклина Доневска, Станче Штеријовска ,Бобан Поповски ,Лидија Николовска |

Тимовите спроведоа анкети, интервјуа, извршија увид во потребната документација и изворите, врз основа на што ги обезбедија сите потребни податоци и материјали, според кои дадоа описи на постигнатоста на индикаторите во рамките на своето подрачје. Секој тим за своето подрачје направи опис/резиме на подрачјето, ги издвои силните и слабите страни и предложи приоритети, врз основа на кои понатаму ќе се темели изготвувањето/реализацијата на Развојната програма на училиштето.

По завршената работа, секој тим ја достави целосната документација од самоевалуацијата до Комисијата, која повторно ги разгледа сите документи и ги оформи во една целина.

Со цел да се обезбеди транспарентност на процесот, на седницата на Наставничкиот совет одржана на 27.6.2024 година секој тим ги образложи резултатите од својата работа, силнитеи слабите страни, како и предложените приоритети. Наставничкиот совет воедно дискутираше и се договараше во однос на тоа кои приоритети треба да бидат клучни за изготвување/реализација на стратешките и развојните цели во Развојната програма на училиштето.

Во овој извештај ќе го презентираме описот/ резимето, силните страни, слабите страни и приоритетите во однос на секое подрачје.

| **Подрачје 1: Планирање, настава и учење** |
|---|
| **Опис/резиме на подрачјето**<br>Наставните планови и програми пропишани од МОН и БРО во училитето се реализираат целосно.Директорот и стручната служба им даваат поддршка на наставниците при изготвување на планирањата. Наставниците добиваат навремени обуки за примена на современи методи и техники за планирање на наставата. Најмалку двапати во едно полугодие се следат планирањата на наставниците, заради задржување на континуитетот и квалитетот на истите. По увидени потреби наставниците добивааат стручна и методска помош од стручна служба, а се разменуваат и искуства на ниво на стручни активи. За посета на часови се води евидентен лист кој е во потполност интегриран со дадените насоки за професионален развој на наставниците, а за впечатоците со наставникот се разговара по завршување на часот со цел да се подобри наставата. Училиштето во целост го реализиа НПП и во случај на отсуство на наставник наставата се одвива непречено со соодветен наставен кадар. Најголем број од родителите се сложиле дека во текот на учебната година нивното дете ги има сите наставни часови, согласно распоредот. Во училиштето родителите и учениците се запознаваат со листа на изборни предмети кои ги нуди училиштето и учениците бираат и изучуваат предмети според интересот. При реализација на наставата наставниците користат современи форми методи и техники на работа согласно индивидуалните потреби на учениците. Во текот на наставата се користат различни материјали и извори на учење, вклучувајќи и ИКТ. Во сите училници има смарт ТВ но во централната зграда каде што се распоредени паралелките од предметна настава нема ниту една училница со смарт табли па во паралелките од шесто одделение има реални проблеми за користење на е учебниците и материјали подготвени од БРО за реализирање на настава според новата концепција На најголеб број наставни часови изборот на применувани методи, форми и техники овозможува интеракција помеѓу учениците, наставниците и учениците, со активно вклучување на секој поединец што се потврдува со анкетите на наставниците, родителите и учениците. Поголем број од учениците и родителите сметаат дека учениците за време начасот можат слободно да се изразат при сто најголем број од учениците потврдуваат дека ако нешто не знаат се чувствувааат слободно да прашаат. Училиштето во континуитет превзема мерки за подобрување на инклузивноста. УИТ ги поддржува ИТУ при изработка на ИОП и МНП според потребите на учениците со МКФ проценка. УИТ дава поддршка и при воочени потреби на наставниците кои работат со ученици со ПОП. Има ученици со поголеми потешкотии во учењето за кои наставниците немаат доволно време за работа на ученикот на самиот час и има отежната соработка со родителот за превземање активности во интерес на ученикот. За навремено системско превземање на соодвети мерки за оптимална поддршка на ученици со потешкотти во учењето (кои може ,а и не мора да се ученици со ПОП) наствникот ментор и педагогот на училиштето имаат изготвено процедура во согласност со Водичот за инклузивно образование. Процедурата меѓудругото содржи и стратегии/чекори за подобрена комуникација со родители на ученици кои имаат потешкотии во учењето(кои може ,а не мора да се ученици со ПОП), за превземање на чекори во најголем интерес на детето. Процедурата се уште не е дел од училишната политика. Во училиштето во континуитет се реализираат активности во склоп на Проектот за меѓуетничка интеграција. Учениците и родителите го доживуваат училиштето како безбедна, стимулативна , мотивирачка и инклузивна средина која нуди |

различни начини на учење и активност на сите учениците за време на часовите. Учениците и родителите сметаат дека часовите се интересни, учениците се пофалувани за вложениот труд ,а не само за постигнатите резултати, за кои исто така добиваат пофалби. Учениците можат слободно да се изразат за време на часовите и да искажат што мислат. На часовите се учи преку проекти, игри, истражување со активно вклучување на сите учениции. Наставниците ги прилагодуваат задачите и активностите на индивидуалните потреби на учениците давајќи им поддршка и насока во 55 подобрување на резултатите. Оценувањето е транспарентно и критериумско што се потврдува и од анкетите за родителите и учениците , но има помал број на ученици кои не се сложуваат дека оценувањето е праведно. Формативното оценување е континуирано составен дел од наставата при што учениците и родителите навремено добиваат повратни информации како учениците подобро да учат и да ги подобрат своите резултати.Наставниците користат различни методи, форми и инструменти за оценување и истото го потврдуваат и родителите и учениците преку анкетите. Коефициентот на континуитет на успехот, во третиот период на образование од трите претходни последователни години, пресметан како однос на средниот успех на училиштето на полугодието и крајот на годината е поголем од 0,9(освен за генерација IX одделение за учебната 2021/22 кој изнесува 0.87). Добиените информациите од оценувањето им овозможуваат на наставниците да ги идентификуваат силните и слабите страни кај учениците и преку истите, да ги адаптираат, креираат и проценат своите наставни планови во однос на подобри стратегии, подобри планирања и поуспешна реализацијата на наставата. НПП дава слобода наставниците да внесат измени во материјалите, измени во методите на предавање или додатни ресурси за да се зголеми интересот за учење. Наставниците ги препознаваат учениците кои потешко усвојуваат наставни содржини или побрзо напредуваат и им предлагаат дополнителни наставни материјали, индивидуална настава или посебни програми за совладување на наставниот материјал, да дискутираат со учениците за напредокот и постигнувањата и ги вклучуваат во дополнителна или додатна настава. Наставниците подготвуваат разни извештаи и анализи по класификациони периоди. Наставниците се соочуваат со голем притисок од страна на родителите ,при оценувањето на учениците на крајот на учебната година . Во училиштето нема кодекс на оценување како пишан документ. Училиштето нуди избор на различни воннаставни активности што потврдуваат поголем број од анкетираните родители и ученици. Во планирањето на воннаставните активности се вклучени учениците што потврдуваат најголем број од анкетираните наставници и поголем број од анкетираните ученици. Поголем број од анкетираните родители потврдуваат дека нивното дете е вклучено во воннаставни активности според сопствениот интерес. Оваа учебна година 2023/24, Училишниот парламент реализираше анкета за ученици за да се согледа потребата и интересот на учениците за воннаставни активности . Добиените резултати ќе се искористат при планирање на листа на воннаставни активности кои ќе ги понуди училиштето за учебната 2024/25 година. На ниво на училиште поголем број од учениците се вклучени во краткорочни воннаставни активности , а помал број во долгорочни , па постои простор за подобрување на системското работење на училиштето во планирање и реализирање на долгорочни воннаставни активности и мотивирање на учениците да се вклучат. Училиштето нема писмено дефинирано процедура за планирање и реализирање на воннаставни активности со што би се имплементирала во целост Концепцијата за воннаставни активности. Во училштето се поттикнуваат и охрабруваат учениците за учество на разни натпревари, конкурси, манифестации каде добиваат дипломи,пофалници и благодарници на општинско, регионално и државно ниво.На тој начин го афирмираат училиштето, а училиштето јавно ги пофалува преку училишниот интернет портал. Во континуитет учениците бележат високи резултати на државно ниво по сите наставни предмети.

**Силни страни**

Најголем број наставни часови се организирани така што овозможуваат интеракција помеѓу учениците, наставниците и учениците, со активно вклучување на секој поединец;

Учениците се чувствуваат слободно да прашаат ако нешто не знаат;

Учениците го доживуваат училиштето како стимулирачка и мотивирачка средина, која поттикнува интерес за учење;

На часовите се учи преку проекти, игри, истражување со активно вклучување на сите ученици;

Успешна примена на современи наставни средства,форми и методи во наставата;

Начинот на кој се учи во училиштето е интересен за учениците ;

Поголем број од родители и најголем број од учениците сметаат дека оценувањето е транспарентно со почитување на критериум;
Учениците се вклучуваат во оценувањето;
Училиштето има утврден систем за известување на родителите за напредокот на нивните деца и доследно го применува;
Коефициентот на континуитет на успехот, во третиот период на образование од трите претходни последователни години, пресметан како однос на средниот успех на училиштето на полугодието и крајот на годината е поголем од 0,9;
Вкученост на учениците во планирањето на воннаставните активности;
Активности на УП за дефинирање на листа на понудени долгорочни воннаставни активности според интересите на учениците;
Високи резултати на натпреварите на државно ниво.

**Слаби страни**

Недоволна опременост на училиштето со технички средства според потребите на новата концепција, лап топ- компјутери ,смарт табли;
Во училишната зграда каде што се распоредени паралелките од предметна настава освен кабинетот по информатика нема училница со смарт табла, па има реални потешкотии во користење на е материјали , подготвени од БРО, за шесто одделение според новата концепција;
Има ученици со поголеми потешкотии во учењето за кои наставниците немаат доволно време за работа на ученикот на самиот час и има отежната соработка со родителот за превземање активности во интерес на ученикот;
Има изработено училишна процедура за оптимална поддршка и постигања на ученици со потешкотии во учењето , но таа се уште не е дел од училишната политика;
Наставниците се соочуваат со голем притисок од страна на родителите , при оценувањето на учениците на крајот на учебната година;
Има ученици, иако помал дел, кои оценувањето не го доживуваат како правично; ϖ Училиштето нема изработено Кодекс за оценување;
Иако се реализираат различни воннаставни активности повеќето се краткорочни , а само мал дел од учениците се вклучени во долгорочни активности, при што најголем дел од областа на спорт и спортски активности;
Нецелосна имплементација на Концепција за воннаставни активности; ϖ На ниво на училиште нема процедура за планирање и реализирање на воннаставни активности;

**Приоритети**

Набавка на смарт табли за училници во која учат паралелки од 6 одд. за користење на расположливи е материјали во склоп на новата концепција;
Да се превземат активности, постоечката процедура за оптимални постигања на ученици со потешкотии во учењето да стане дел од училишна политика;
Изработка на кодекс за оценување;
Изработка на процедура за планирање и реализирање на воннаставни активности со акцент на поголема вклученост на ученици во самиот процес.

## Подрачје 2: Постигања на учениците

**Опис/резиме**

Во нашето училиште системски се следи, спроведува и анализира состојбата со успехот и постигањата на учениците. Училиштето во континуитет ги следи постигањата на учениците , по сите наставни предмети во текот на целата учебна година. Постигањата на учениците во училиштето се следи преку проверка по пат на усно и писмено проверување. Учениците кои покажуваат послаби резултати во учењето посетуваат дополнителна настава, а учениците кои покажуваат поголем интерес за зголемување на своите знаења посетуваат додатна настава.Наставниците применуваат стандарди при оценување на учениците. Талентирани и надарени ученици редовно се испраќаат да учествуваат на

| |
|---|
| натпревари и постигнуваат високи резултати. Нашето училиште изготвува индивидуален образовен план за ученици со посебни образовни потреби. Заради подобрување на постигањата на учениците редовно се изведува додатна и дополнителна наставна и редовно се следи напредокот од еден во друг образовен период. Во однос на редовноста на учениците, училиштето континуирано ги следи и евидентира изостаноците, ги анализира причините за отсуство од настава и навремено презема конкретни активности за подобрување на редовноста кај учениците. Училиштето соработува со родителите и редовноста на учениците бележи тренд на подобрување. Редовно се соработува и со училишниот ромски медијатор. Училиштето располага со податоци за постигања на учениците од сите наставни предмети, за сите квалификациони периоди. Направени се споредбени анализи на среден успех, поведение и изостаноци во последите три учебни години. Систематски се следи редовноста на учениците се применува протокол за повикување на родители и се врши советување на родители. Не постои диференцијација според пол, етничка припадност и социјално потекло во однос на оценувањето и изостаноците. Се почитува постапката за преминување од едно во друго училиште. Наставниците во соработка со стручната служба редовно прибираат информации за постигања на учениците преку кои даваат транспарентна информација на родителите и учениците за оценката, со детални препораки за подобрување на постигања на ученикот. Се води евиденција за постигањата, редовноста и поведението на секој ученик во електронскиот денвник, евидентни листови на секое тримесечие, свидетелства, како и за нивниот интелектуален, социјален и емоционален развој. Во евиденција се внесуваат и податоци за напредокот на учениците што се добиени како резултат на проценка направена од страна на наставниците во соработка на стручните соработници и родителите на ученикот. Личните постигања на учениците се промовираат преку соработка со јавни гласила, културни установи, учество на литературни читања, ликовни изложби, натпревари, квизови, музички настапи и училишната веб-страна. |
| **Силни страни**<br>Училиштето соработува со родителите и редовноста на учениците бележи тренд на подобрување<br>Учениците со помош на наставниците се вклучени во проекти и вонннаставни активности (културни и спортски), преку кои се промовираат и вреднуваат постигањата на учениците.<br>Системски се следи, споредува и анализира состојба со успехот и постигањата на учениците.<br>Училиштето располага со податоци за постигања на ученици од различен пол и етничка припадност.<br>Учениците имаат можност да членуваат во бројни слободни ученички активности.<br>Родителите навремено се известуваат за редовноста и постигањата на учениците.<br>Средбите со родителите добро се организирани, а за постигања на учениците родителите добиваат евидетнтни листови, свидетелства и за истата постои уредна документација.<br>Постои ефективна соработка меѓу раководниот кадар, стручни соработници, одделенски и предметни наставници и родители за постигање на учениците.<br>Соработката со Центар за социјални грижи и училишен образовен медијатор е квалитетна и е на високо ниво<br>Училиштето редовно реализира советувања на родители за што води уредна документација.<br>Со примена на ИКТ во наставата учениците имаат поголеми постигања |
| **Слаби страни**<br>Недостаток од сензорна соба, потребни алатки за мултисензирна стимулација на ученици со потешкотии во учењето<br>Дел од учениците од ромска етничка припадност неоправдано отсуствуваат од редовната настава и го зголемуваат бројот на изостаноци на ниво на училиште. |
| **Приоритети**<br>Опремување на сензорна соба и набавка на потребни алатки за мултисензорна стимулација на ученици со потешкотии во учењето |

| Подрачје 3: Училишна клима и односи во училиштето |
|---|
| **Опис/резиме**<br>Училиштето се залага за остварување на поставените визија и мисија. Се грижи за здравјето и безбедноста на учениците, како и за родовата сензитивност и промовирањето на мултиетничноста, мултикултурализмот и инклузивноста. Се прават напори за зајакнување на учеството на учениците, родителите и заедницата во животот на училиштето. Наставниот кадар е респектиран од страна на родителите. Учениците и наставниците се алката која го креира угледот на училиштето. Училиштето има кодекс на однесување и востановени правилници за почитување и прекршување на правилата на сите нивоа. Истите се спроведуваат во пракса. Училиштето води политика на рамноправен третман и заемно почитување на сите структури инволвирани во неговото функционирање. Постои професионална соработка меѓу наставниците, како и желба за постојано усовршување. Има солидна соработка со раководниот кадар на ова поле. Учениците се чувствуваат прифатени од возрасните и од другите ученици. Поведението и дисциплината се многу добри, а вработените се грижат за здравјето и безбедноста на учениците за време на одморите, приемот на учениците и нивното заминување од училиштето. Вработените внимателно и авторитетно се справуваат со проблемите кои се однесуваат на поведението и редовноста, поради што нема прекини во учењето и наставата. Училиштето правилно го применува правилникот за изрекување педагошки мерки. Сите вработени во училиштето ги знаат и почитуваат правата на децата. Училиштето ги поттикнува учениците да ги практикуваат своите права и ги заштитува во случај на нивно нарушување. Во училиштето е обезбеден еднаков и правичен третман на сите ученици. Училиштето води политика на позитивно вреднување и промовирање на етничката, културната, верската и јазичната разноликост во заедницата. Хигиената во училиштето е на задоволително ниво но треба значително подобрување. Со хигиента во училиштето се задоволни помал дел од анкетираните родители и ученици. Помал број од анкетираните ученици (49,3%) се сложиле или целосно се сложиле дека училиштео е чисто и уредно.Помал број од анкетираните родители (44,4%) сметаат дека хигиената е на високо ниво Просторот на училиштето повеќе не соодветува на бројот на ученици со што имаме недостаток на училници и кабинети како би можел да се организира продолжен престој за учениците. Училишниот двор треба да се доогради и да се уреди со што би бил целосно безбеден за учениците. |

| |
|---|
| **Силни страни**<br>Постои почитување на наставниот кадар и педагошко-психолошката служба кон сите учесници во училиштето.<br>Отвореност на училиштето за соработка со родителите, локалната заедница и медиумите.<br>Училиштето има изготвено Кодекс на однесување за сите субјекти во училиштето и истиот е истакнат на видно место.<br>Училиштето има донесено и постапува по Правилник изрекување на пофалби, награди и педагошки мерки за учениците.<br>Постои добра соработка меѓу сите чинители во училиштето.<br>Училиштето во континуитет организира хуманитарни акции со цел да се помогне на учениците од социјално ранливите семејства и друг вид хуманитарни акции.<br>Училиштето организира посети на учениците на локалните средни општински училишта за време на одржување на отворен ден на училиштата за идните средношколци со што училиштето им помага на учениците при изборот на нивното понатамошно образование. |
| **Слаби страни**<br>Во училиштето постои професионална соработка меѓу вработените, но бидејки училиштето работи во повеќе објекти оваа соработка е отежната и недоволна;<br>Во истите објекти работат две основни училишта;<br>Родителите и учениците не се задоволни од хигиената во училиштето |
| **Приоритети**<br>Активности за надминување на потешкотиите во соработка меѓу наставниците поради работа во три објекти.<br>Подобрување на хигиената во училиштето |

| Подрачје 4: Управување и раководење |
| --- |
| **Опис/резиме**<br>Управувањето на училиштето го реализира Училишниот одбор, додека со училиштето раководи директорот. Креирањето на политиките, односно, носењето на одлуките е согласно Закон и Статутот на училиштето, а се според потребите на учениците, родителите, наставниот кадар, вработените, стручната служба и менаџментот на училиштето. Во креирањето на одлуките и политиките вклучени се сите чинители, преку своите работни тела: Училишен парламент, Училишен правобранител, Совет на родители, Стручни активи, Одделенски и Наставнички совет, Училишен одбор и Директорот на училиштето. |
| **Силни страни**<br>Училишниот одбор одржува редовни седници и донесува навремени одлуки по важни прашања,има утврден деловник за работа, редовно се водат записници и се информираат наставници и родители за одлуките кои се донесени.<br>Постои партнерски однос во работата на УО и раководниот орган на училиштето.<br>УО ги почитува и зема в предвид мислењата и ставовите на наставниците, родителите и локалната самоуправа преку нивни претставници.<br>Раководниот орган ги согледува, координира и обединува потребите и мислењата на сите вклучени страни во работата на училиштето.<br>Целите во развојната програма се конкретни, остварливи и ги отсликуваат предизвиците идентификувани од самоевалуацијата и интегралната евалуација на училиштето. |
| **Слаби страни**<br>Училиштето нема пропишани процедури за донесување училишни политики т.е. не постои утврдена рамка за донесување конкретни одлуки и креирање политика.<br>Недоволна информираност на родители и наставници за трошење на училишен буџет.<br>Училиштето нема внатрешни механизми за оддавање признанија/ правилник за кадарот кој внесува ефективни иновации во работата или со својот успех даваат допринос за афирмација на училиштето. |
| **Приоритети**<br>Подобрување на комуникација на ниво на претставници од Совет на родители и родители на ниво на паралелка, поради поголема транспарентност и информираност за училишни политики и распределба на училишен буџет(ќе се отвори можност за дополнителни донации,спонзорства или друг вид партиципирање на родители во проекти за унапредување на наставата).<br>Изготвување на правилник за оддавање признанија за кадарот кој внесува ефективни иновации во работата или со својот успех даваат допринос за афирмација на училиштето. |

**Предлог-мерки за подобрување на квалитетот на работата на училиштето**

Врз основа на добиените резултати од спроведената самоевалуација на училиштето, констатираните силни и слаби страни , како предлог мерки за подобрување на квалитетот на работат на училиштето, се предлагаат следниве:

- Да се продолжи со професионален развој на наставниците за зголемување и подобрување на нивните компетенции.
- Да се превземат мерки за интензивирање на соработката меѓу наставниците и тимското работење во насока на подобрување на квалитетот на наставата и добросостојбата на наставниците и учениците.
- Преку тимското работење на наставниците и вклучување на учениците и родителите да се изработи процедура за целосна имплементација на Концепцијата за воннаставни активности, со што поголем број од учениците би се вклучиле во долгорочни активности за проширување и продлабочување на знаењата по одделни предмети од една страна, а од друга страна би се подобрила просторно-временска организација.
- Да се изработи кодекс на оценување со вклученост на родители и ученици кој ќе се презентира пред сите засегнати со што би се намалил притисокот за оценки и учениците би се зголемил бројот на учениците кои оценувањето го сметаат за праведно.
- Да се превземат мерки за подобрување на инклузивноста , особено во соработка со родителите на ученици кои имаат потешкотии во учењето и одесувањето со што би се подобрила работната атмосвера за време на часовите во интерес на сите ученици.
- Да се испланираат активности за подобрување на хигиена во училиштето.
- Да се интензивира соработката со локалната заедница, бизнис секторот и НВО со што би се подобриле материјално техничките услови(со акцент на набавка на смарт табли) и практични искуствата на учениците.

Комисија за спроведување на СЕУ:

Александра Стаменовска-директор

Викторија Стојмановски-психолог

Фросина Младеновиќ-наставник ментор

Бранкица Георгиевска-одделнски наставник

Југослав Спасиќ-предметен наставник

Игор Славковски-родител